Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа „Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**на Статутарната Одлука за измена на Статутот на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Статутарната Одлука за измена на Статутот на Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 02.03.2010 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-1091/5** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**04.03.2010 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 184 и член 185 од Статутот на Општина Кавадарци, Општина Кавадарци (“Сл.гласник” бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 02.03.2010 година, ја донесе следната

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**За измена на Статутот на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Статутот на Единицата на локалната самоуправа Глава III Јавни трибини, анкети и предлози на граѓаните се менува и гласи:
д) “Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата”.

**Член 2**

По член 65 се додава нов член 65-а што гласи:

**“Член 65-а**

Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци по сопствена иницијатива организираат форуми на заедниците, како форма на јавно учество на сите граѓани во единиците на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се

подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од став 2 на овој член се поднесува до Градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на зеадницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на Градоначалникот."

**Член 3**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр. 07- 833/5**
**02.03.2010 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р по ек.науки Илија Тренчев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа „Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**на Правилникот за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Правилникот за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Кавадарци, донесен на седницата на СоветотнаОпштина Кавадарци одржана на ден 02.03.2010 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-1091/6**
**[illegible].03.2010 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа "Сл.весник на РМ" бр.05/2002), член 65-а од Статутот на Општина Кавадарци, "Службен гласник на Општина Кавдадарци" бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана ден 02.03.2010 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**За организирање и одржување на форумите на заедницата**
**во Општина Кавадарци**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Статутарна Одлука за измена на Статутот на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Статутарната Одлука за измена на Статутот на Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 27.10.2010 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-4901/24**
**28.10.2010 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/2002),член 184 и член 185 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), а во врска со Националната стратегија за млади на Република Македонија, Советот на општина Кавадарци на седница што одржана на ден 27.10.2010 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**За измена на Статутот на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Статутот на локалната самоуправа Кавадарци,
Глава IV – **ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА**

По член 128 се додаваат нови членови кои гласат:

**"Член 128-а**

**СОВЕТ НА МЛАДИ**

Во Општината се формира Совет на млади како советодавно тело на општината со цел младите активно да се вклучат во јавниот живот на општината.

Млади се жители на Општината на возраст од 15 до 30 години живот.

Младите од став 1 на оваа одлука можат да бидат избирани за претседател и заменик претседател на Советот на млади на Општина Кавадарци, само ако се со место на живеење во општина Кавадарци.

**Член 128-б**

Одлука за основање на Совет на млади ја донесува Советот на општината врз основа на позитивните законски прописи.

**Член 128-в**

Советот на млади во општината ги врши следните работи:

- расправа на седници на Советот на млади за прашања значајни за нивната абота;
- расправа за прашања за кои се расправа на Советот на општината а се од нтерес за работата на младите;
- предлага на Советот на општината Одлуки, Програми и други акти од начење за младите од општината;
- му предлага на Советот на општината да расправа за прашања кои се од начење за унапредување на положбата на младите и решавање на нивните проблеми;
- му дава мислење на Советот на општината за конкретните одлуки кои треба да и донесе;
- соработува во изработката и го следи споредувањето на локалните акти за лади, донесени од страна на Општината;
- изработува извештаи до надлежните органи за проблемите на младите, а по отреба предлага донесување на Програми за отстранување на настанатите проблеми подобрување на положбата на младите на локално ниво;
- организира работилници, предавања, трибини, кампањи, манифестации и руги активности во врска со младинските прашања;
- информира и промовира за активностите на Советот на млади;
- ја потикнува меѓусебната општинска соработка и размена на искуства со ладите од другите општини;
- по потреба повикува преставник на Советот на општината на своите седници;
- врши и други работи од интерес за младите.

**Член 128-г**

Советот на млади има пет членови.

Советот на Општината покренува постапка за избор на членови во Советот за лади со јавен повик.

Кандидатите за членови на Советот на млади ги предлагаат: Невладини рганизиации и Здруженија на млади, ученички совети, студентски совети и други гистрирани облици на организирање на младите.

Врз основа на писмените предлози од предлагачите на предлог на Комисијата мандатни прашања, избори и именувања, Советот на Општината го избира и го зрешува Советот на млади .

Советот на млади од своите редови избира претседател и заменик, согласно еловникот за работа на Советот на младите.

**Член 128-д**

Членовите на Советот на млади се избираат на две години.

Советот на општината може да разреши член на Советот на млади и пред текот на мандатот на лично барање, ако наполни 30 години живот, ако отсуствува седниците на Советот на млади и ако со правосилна судска пресуда е осуден на зусловна казна затвор во траење подолго од шест месеци.

**Член 128-ѓ**

Советот на млади одржува редовни седници по потреба, но најмалку еднаш во а месеци.

Седниците ги свикува и со нив заседава претседателот на Советот на млади.

Претседателот на советот е должен да свика вонредна седница на советот на ади на предлог од најмалку 1/3 од членовите на Советот на млади.

Советот на млади ги донесува одлуките од мнозинството гласови ако на ницата присуствуваат мнозинство од вкупно избраните членови на советот на ідите.

Советот на млади може да формира постојни и повремени работни тела за потесни кругови на делување, на организирање форуми, трибини и работилници за поедини возрасни групи на млади или за проблеми кои ги загрижуваат младите.

**Член 128-е**

Советот на млади донесува програма за работа на Советот на млади и ја доставува до Советот на општината за секоја календарска година.

Програмата ги содржи следните активности:

- учество во креирањето и пратење на локалната програма за работа на младите.
- Соработка со другите советодавни тела во Република Македонија и странство.
- Консултирање со организацијата на младите за теми значајни за младите.
- Соработка со телата во општината во политиката кон младите

Програмата содржи и останати активности значајни за работата на Советот за млади и подобрување на положбата на младите.

Програмата за работа на Советот на млади ја донесува со мнозинство на гласови од сите членови на Советот на младите.

Програмата се донесува и поднесува на одобрување пред Советот на младите најкасно до 30 ноември во тековната година, за наредната година.

**Член 2**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07- 4496/24**
**27.10.2010 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р по екон.науки Илија Тренчев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на**

**Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Статутарна Одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.06.2019 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

| | |
|---|---|
| **Бр.09-3533/1** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **28.06.2019 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,** |
| **Кавадарци** | **М-р Митко Јанчев** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 1, а во врска со член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ „бр.5/02), а во врска со Амандманите XXXIII,XXXIV,XXXV и XXXVI („Службен Весник на РМ„ број 6/19 и Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI („Службен Весник на РМ„ број 6/19), согласно член 183-185 од Правилникот за формата, големината и содржината на печатите, начинот на нивното чување и употреба, како и за штембилите на државните органи („Сл.весник на РМ„ бр.61/2019), член 82 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/05, 14/10, 24/10,), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.06. 2019 година, донесе

**С Т А Т У Т А Р Н А О Д Л У К А**

**за измена и дополнување на Статутот на Општина Кавадарци**

Член 1

Во Статутот на Општина Кавадарци, се врши измена и дополнување :

- Во целиот текст на Статутот на Општина Кавадарци зборовите „Република Македонија„ СЕ ЗАМЕНУВААТ со зборовите „Република Северна Македонија..
- Член 10 се менува и гласи:

  „Печатот има облик на круг, во средината е грбот на Република Северна Македонија, а околу него во првиот концентричен круг е испишано името на Република Северна Македонија, а во вториот концентричен круг е испишано Општина Кавадарци-Кавадарци .

Големината на печатот од став 1 на овој член, кој е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, е со пречник од 40 мм.

- Член 11 се менува и гласи:

„Штембилот има форма на правоаголник, го содржи името на Република Северна Македонија, називот и седиштето на Општината, кои се испишуваат хоризонтално едно под друго, а под нив се остава празен простор за впишување на број на актот, на други писмена и на датумот на негово издавање.

Големината на штембилот кој е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, е со димензии 60 х 30мм„.

Член 2

Статутарната одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08-3330/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**27.06.2019 година** **Претседател,**
**К А В А Д А Р Ц И** **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Кавадарци**

1.СЕ ОБЈАВУВА Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за висината на цените за собирање и транспортирање на комунален отпад во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.06.2019 година.

**2.**Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-3533/2** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.06.2019 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **М-р Митко Јанчев**